Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-482/2

18-09-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-482/1 од 1.9.2023 година, поднесена од [redacted] против ООУ „Гоце Делчев" во Илинден, за извршена дискриминација во областа на образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 18.9.2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под архивски број 08 – 482/1 од 1.9.2023 година поднесена од [redacted] против ООУ „Гоце Делчев" во Илинден, за извршена дискриминација во областа на образование, **заради ненадлежност**.

**Образложение**

На 1.9.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против ООУ „Гоце Делчев" во Илинден, за извршена дискриминација во областа на образование.

Подносителката на претставката наведува дека нејзината ќерка [redacted] се запишала како прваче во ООУ „Гоце Делчев" во Илинден на 3.5.2023 година, а поминала опсервација со комисија на 9.5.2023 година. Според првиот список на 24.8.2023 година, ученичката била ставена во 1-г одделение, додека пак следниот ден била префрлена во 1-б одделение, без наведена причина или објаснување од училишниот одбор. Подносителката на претставката тврди дека нејзината ќерка е префрлена во друго одделение поради лични причини од страна на членовите на комисијата, односно поради фактот што ученичката била внука од ќерка на поранешен градоначалник на Општина Илинден, [redacted] Последно, истакнува барање до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да се утврди вистинската причина за префрлувањето на нејзината ќерка во друго одделение.

Согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата.

Имено, законската дефиниција на дискриминација е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20) и гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување,* ***што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице*** *или група* ***врз еднаква основа со други.***"

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај, подносителката на претставката не го сторила веројатно тврдењето дека постои нееднаков третман кон нејзината ќерка, како ученичка во ООУ „Гоце Делчев". Оттука, Комисијата не утврди дека ученичката била изложена на поразличен третман од нејзините соученици и дека истата трпела штетни последици заради нејзиното префрлување во друго одделение. Дополнително, во конкретниот случај Комисијата не пронајде основ, односно лична

заштитна карактеристика на ученичката, врз основа на која таа би била третирана различно во однос на останатите ученици во училиштето.

Скопје
18.9.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]